**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**Бр.04-1498/13 од 06.08.2025 година**
**Чучер – Сандево**

Врз основа на член 45 став (1) и став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија'' бр.275/19,14/20, 215/21, 99/22 и 208/24) и Предлогот за вработување на кандидати по јавен оглас 508/2025 со бр.04-1498/12 од 05.08.2025 година, Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, ја донесе следната

# О Д Л У К А
## за избор на административен службеник за вработување по објавен јавен оглас бр.508/2025

1. Се врши избор за вработување на административен службеник по јавен оглас бр.508/2025 во Општина Чучер-Сандево, за работно место Помлад соработник за јавни набавки, во Одделение за нормативно-правни и општи работи, во Сектор за правни и општи работи и јавни дејности, на ниво В04, 1 (еден) извршител, на кандидатот Елена Чуксанова со идентификациски код 4СССВС9.

2. Оваа Одлука ќе се објави на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација, а ќе се достави и до избраниот кандидат.

3. Решение за вработување на административен службеник ќе се донесе по конечноста на оваа одлука.

4.Жалбата го одлага извршувањето на одлуката.

## О б р а з л о ж е н и е

По Барање за објавување на јавен оглас бр.04-1498/2 од 04.06.2025 година од Општина Чучер-Сандево, на 14.06.2025 година Агенцијата за администрација објави јавен оглас бр.508/2025 за вработување на 1 (еден) административен службеник, на работно место Помлад соработник за јавни набавки, во Одделение за нормативно-правни и општи работи, Сектор за правни и општи работи и јавни дејности во Општина Чучер-Сандево, со шифра УПР0101В04000, на ниво В04, во дневните весници Вечер, Нова Македонија и Коха како и на интернет страницата на Агенцијата за администрација.

Согласно Законот за административни службеници и Уредбата за спроведување на постапка за вработување, се спроведе постапка за вработување, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, изготви конечна ранг-листа на кандидати и достави до Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево предлог со број 04-1498/12 од 05.08.2025 година, за вработување на работното место под реден број 7, Помлад соработник за јавни набавки, во Одделение за нормативно-правни и општи работи, во Сектор за правни и општи работи и јавни дејности, на ниво В04 во Општина Чучер-Сандево, на кандидатот Елена Чуксанова со идентификациски код 4СССВС9.

Согласно член 45 од Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Чучер-Сандево број 01-1251/1 од 26.10.202 година, 01-574/1 од 05.04.2023 година, 01-1806/1 од 05.11.2024 година, 01-347/1 од 12.02.2025 година и број 01-600/1 од 11.03.2025 година, Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**Доставено до:**
-Избраниот кандидат
-Агенција за администрација
-Архива

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**Градоначалник,**
**Сашко Комненовиќ**

Изработил:Мартина Пирковиќ
Контролирал: Марија Мисердовска